ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), во член 104 во став (2) во точката 3) по зборот „стоматолошките" се додаваат зборовите „или фармацевтските".

Во ставот (2) во точката 4) по зборовите „работно искуство" се додаваат зборовите „во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување", а зборовите „согласно со овој закон" се бришат.

Член 2

Насловот пред членот 105 и членот 105 се бришат.

Член 3

Во член 106 во ставот (1) зборовите „членовите 104 став (2) и 105 ставови (2) и (3)" се заменуваат со зборовите „членот 104 став (2)".

Член 4

Во член 106-б во ставот (4) зборовите „и членот 105 ставови (2) и (4)" се бришат.

Член 5

Низ целиот текст на законот зборовите „директорот, односно директорите" се заменуваат со зборот „директорот", зборот „директорите" се заменува со зборот „директорот", а зборовите „медицинскиот директор" се заменуваат со зборот „директорот".

Член 6

Насловот пред членот 109 и членот 109 се бришат.

Член 6

Во член 164 во ставот (1) зборовите „директорите, односно надлежниот директор" се заменуваат со зборот „директорите".

Член 7

Во член 179-б во ставот (3) зборовите „се должни да ги обезбедат" се заменуваат со зборовите „е должен да ги обезбеди".

Член 8

Во член 193-а во ставот (6) зборовите „се должни да му одговорат“ се заменуваат со зборовите „е должен да му одговори“.

Во ставот (7) зборовите „ќе ги преземат“ се заменуваат со зборовите „ќе ги преземе“.

Член 9

Во член 239-б во ставот (1) зборовите „се одговорни“ се заменуваат со зборовите „е одговорен“.

Во ставот (2) зборовите „се должни да организираат и обезбедат“ се заменуваат со зборовите „е должен да организира и обезбеди“.

Во ставот (3) „се одговорни“ се заменуваат со зборовите „е одговорен“.

Член 10

Во член 313-а во став (4) во точката 25) зборовите „не организираат и не обезбедуваат“ се заменуваат со зборовите „не организира и не обезбеди“.

Член 11

Во член 219 ставовите (4), (5) и (6) се бришат.

Ставот (7) станува став (4).

Ставовите (8) и (9) се бришат.

Член 12

Во член 226-а во ставот (5) зборовите „во која има еден директор, односно до организацискиот директор во јавната здравствена установа во која има двајца директори“ се бришат.

Член 13

Постојните јавни здравствени установи ќе ја усогласат својата работа со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Јавните здравствени установи: здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт ќе ги усогласат статутите со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Мандатот на постојните организациски и медицински директори на јавните здравствени установи здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт именувани на конкурс до денот на влегувањето во сила на овој закон престанува по истекот на 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на  Законот за здравствената заштита.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.